ADING

# ХИДРОФАС-Р

*Декоративен малтер, со рустикална структура, изработен врз основа на акрилатна емулзија како врзно средство*

## Област на примена:

За завршна декоративна обработка на надворешни фасадни и внатрешни ѕидни површини кај сите објекти од високоградбата.(малтер, бетон, експандиран полистирен, префабрикувани градежни елементи)

## Својства:

- еднокомпонентна пастозна смеса ;
- декоративност- се изработува во повеќе бои;
- отпорен на мраз;
- поседува висока еластичност;
- водонепропустлив;
- паропропустлив;
- едноставен е за нанесување;
- одлична адхезија за подлогата;
- одлични јакости на свиткување;
- еколошки производ;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Волуменска тежина: | 1,2 - 1,3 гр/см$^3$ |
| Содржина на сува материја: | 81±1% |
| Време на врзување на аплициран материјал: | 40-60 мин. |
| Време на зацврснување на аплициран материјал: | 3-4 часа |
| pH: | 8-10 |

## Подготовка на подлогата:

Малтерот или бетонот врз кој треба да се нанесе Хидрофас-Р треба да е изведен најмалку 14-28 дена порано. Површината треба да е цврста, чиста, обезмастена, рамна и сува. Пред нанесувањето на декоративниот малтер, со четка се нанесува претпремаз Прајмер В.

## Вградување:

Масата на Хидрофас-Р пред употреба се промешува до потполна хомогенизација. Се нанесува со рамна метална глетарка. Веднаш потоа, малтерот се обработува со сунѓерест јарец, со што се добива бараната рустикална (ролувана) текстура.
Температурата на која се изведуваат работите треба да биде во граници од +10°C до +35°C. Обработените површини треба да бидат заштитени од врнежи, силен провев и директна изложеност на сонце за период од 4.÷8ч. по нанесувањето на декоративниот малтер.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| Прајмер В | 0,15 до 0,25 кг/м$^2$ |
| ХИДРОФАС -Р | 2,50 до 3,00 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Прајмер В | во пластични канти од 5, 10 и 25 кг |
| ХИДРОФАС -Р | во пластични канти од 20 кг |

## Складирање:

Во оригинално пакување, на температура од 5°C до 35°C и заштитен од директно влијание на сончевите зраци. Рок на употреба: 12 месеци.

## Стандардни бои:

Адинг - стандардна тон карта / број 2

Забелешка:
Можна е изработка и во други бои, надвор од стандардната тон-карта, на посебно барање на купувачот.

ДЕКОРАТИВНИ ПРЕМАЗИ И МАЛТЕРИ

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Хидрофас-Р е незапалив.
Чистење и депонирање: Чистењето неврзани остатоци од Хидрофас-Р е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@ading.com.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk